**Дел. Бр. 519 / 5**
**14.09.2017 г.**

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за врабоитување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Ранковце, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден **14.09.2017** година се објавува:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Грижа за стари лица вои општина Ранковце " за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Крива Паланка .

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа“ ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непрометет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- Деца без родители и родителска грижа
- Самохрани родители
- Роми
- Невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку една година
- Млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку шест месеци
- Родители на деца со пречки во развојот
- Родители на три или повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на 6 (шест) лица извршители на грижа за стари лица и тоа :

- Посета на домаќинства
- Утврдување на потреба од помош
- Утврдување на распоред за посети
- Посета на лица и пружање на неопходна помош

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување во Крива Паланка во периодот од 14.09.2017 година до 19.09.2017 г. година.